Бранко ПАНОВ

# ОХРИД И ОХРИДСКАТА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕ НА БУГАРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (СРЕДИНА НА IX В. — 969 ГОДИНА)

Периодот на скоро стогодишното бугарско владеење на Охрид и неговата област, како и на поголемиот дел од Македонија, претставува таква временска епоха, кога како резултат на засилениот процес на феудализацијата дошло до формирање на класните феудални општествени односи; кога дефинитивно и во овој дел на Македонија било победено паганството, кога биле создадени мрежи од словенски училишта и цркви и биле поставени здрави темели за изградувањето на словенската култура и воведувањето на богослужба на разбирлив словенски јазик.

Поголем дел од овој временски период, всушност, ја претставува епохата на Климент и Наум, основоположниците на Охридската книжевна школа — првиот средновековен словенски универзитет. Исто така дел од овој временски период го претставува и времето кога територијата на бившата „Склавинија-Берзитија" станала почва каде за првпат се појавила богомилската ерес, една од најзначајните средновековни појави не само во историјата на македонскиот народ, туку и во историјата на повеќето балкански, европски и азиски народи.

Со таквиот збир од богати историски настани и појави, историјата на Охридскиот крај во овој временски период станал предмет на сестрани научни проучувања. Но, иако досега се напишани повеќе монографски трудови и разни други прилози[1], сé уште останале неразјаснати повеќе прашања од историјата на Охрид и неговата област во овој временски период. Тоа се должи, пред сé, на слабите и едностранчиви изворни податоци, кои, главно, се од византиско потекло, како и на нивното често пати, погрешно интерпретирање.

Потпирајќи се врз расположливите изворни податоци во овој наш прилог, целта ни е да фрлиме што поголема светлина врз оние прашања, кои ги сметаме за клучни за појасно прикажување на историското минато на Охридскиот крај во време на бугарското владеење

---

* Овој прилог претставува продолжение (II дел) на мојот труд „Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI—VIII век)", објавен во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 4 (30), 1978, стр. 119—137.

[1] Види: Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 119, бел. 1.

* * *

Во историографијата сé уште се доминантни две гледишта по прашањето за времето на паѓањето на Охрид и неговата област под бугарска власт. Едното гледиште е дека тоа станало во времето на ханот Пресијан (836—852), а второто на кнезот Борис (852—889). Изворните податоци, како што ќе видиме подолу, говорат во прилог на исправноста на второто гледиште.

Сé до почетокот на IX век бугарската држава водела политика со цел внатрешно да се консолидира. Како резултат на тоа таа успешно ги одбивала византиските завладувачки походи и се зајакнала толку многу, што во време на владеењето на хан Крум (803—814) почнала да ги проширува своите граници за сметка на Византија. За Византија особено многу се зголемила бугарската опасност, кога во 809 година Крум ја отстранил нејзината власт од Сердика. Со тоа тој си отворил пат за продор и во Североисточна Македонија. Тоа пак го предизвикало византискиот император Никифор I (802—811) да преземе противакции, бидејќи и тој се стремел да ја наложи својата власт и над сé уште непотчинетите „македонски склавинии".

Во првата деценија на IX век бугарско-византиските походи најмногу ги погодиле Струмјаните. Со цел да ги спречи бугарските продори по Струма кон Солун[2], Никифор I во 809/10 година колонизирал голем број малоазиски поданици „во склавиниите" (ἐπὶ τὰς Σκλαυινίας) Тоа секако биле пограничните склавинии со Бугарија, а пред сé Стримонската.[4] Малоазиските иселеници, кои биле населени на Балканот како стратиоти, сега требало да дејствуваат во два правца: да го разбиваат единството на Македонските Словени и со тоа да овозможат Византија да воспостави стабилна и трајна власт во овој дел на Балканот, како и да го спречат продирањето на Бугарите во внатрешноста на Македонија.[5] Меѓутоа, таквата колонизаторска политика на Византија била осудена на неуспех. По убиството на Никифор I во 811 година, хан Крум поминал во офанзива. Како резултат на тоа во 812 година византиските стратиоти морале панично да се повлечат од колонизираните области.[6] На страшни бугарски пустошења и пљачкосувања биле изложени сега македонските области меѓу Струма и Вардар.[7]

---

[2] Г. Баласчевъ, Найстарата славянска държава на Балканския полуостровъ презъ VII и VIII векъ и нейния етнически съставъ съ две карти. София, 1924, стр. 11

[3] Theophanis Chronographia, rec. C. de Boor, I, Lipsiae, 1883, p. 486, 10—14; Византиски извори за историју народа Југославије, т. I. Београд, 1955, стр. 235—236.

[4] Сп.: М. Рајковић, Област Стримона и тема Стримон. Зборник радова Византолошког института САН, 5. Београд, 1958, стр. 5; од истата во „Византиски извори . . .", I, стр. 235, бел. 67; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. Гласник на Институтот за национална историја, год. V, бр. 2, Скопје, 1961, стр. 223 сл.

[5] Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија. — Зборник „Кирил Солунски", 1, изд. на МАНУ, Скопје, 1970, стр. 167 сл.

[6] М. Рајковић, Област Стримона и тема Стримон, стр. 5.

[7] В. Н. Златарски, История на българската държава прѣзъ срѣднитѣ вѣкове, т. I, ч. 2, София, 1927, стр. 236.

По склучувањето на Триесетгодишниот мир меѓу Византија и Бугарија во 814/15 година бугарските војски се повлекле во својата земја, со што на Византија и било овозможено пак да се зафати со воспставувањето на својата власт по Струма.

Градот Охрид, како и целата склавинија „Берзитија", како што гледаме од изворите, биле пострана од овие бугарско-византиски походи. Тоа значи дека склавинијата „Берзитија" продолжила и натаму да егзистира како „независно кнежевство", управувано од своите племенски кнезови.

Охридскиот крај останал незасегнат и од акциите на Византија кон крајот на 30-тите години на IX век, преземени за ликвидирање на „големото востание" на потчинетите Словени во Солунско, на чие чело застанал водачот на побунетата склавинија ((τῆς ἐκείνης Σκλαβινίας ἐξαρχοντος).[9] Во Житието на Григорија Декаполит се вели дека „потоци од крв потекле како река и целата околина била опожарена и потемнета", поради што „без печат и царска дозвола" не смеало да се патува во одделните места.[10]

И овие изворни податоци, како што гледаме, јасно говорат дека и потчинетите Словени околу Солун правеле обиди да го отстранат византиското господство.

Зафатеноста на Византија во борбите со востаниците околу Солун секако ја искористил ханот Пресијан, кога во самиот почеток на своето владеење ги отпочнал своите завладувачки походи во Североисточна Македонија. Во еден натпис од Филипи се вели дека Пресијан го испратил кавханот Исбул да војува „против Смолјаните"[11] кои живееле во областа околу градот Драма.[12]

Бугарските продори во Североисточна Македонија биле причина Византија да ја измени својата политика кон Македонските Словени, чии што територии биле изложени на бугарски напади. Преку назначување словенски управители на нивно чело, доделување разни титули, привилегии и сл. таа сега настојувала да ги придобие Словените на нејзина страна во борбата против агресивните Бугари.[13] Таков управител Византија назначила над загрозеното „словенско кнежевство"

---

[8] Поопстојно за Триесетгодишниот мир, види: Ив. Дуйчев, Одна из особенностей ранневизантийских мирный договоров. Византийский временик, XV, 1959, стр. 64—70.

[9] F. Dvornik, La vie de Saint Grégorie le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IX-e siècle, Paris, 1926, p. 61, 28—62, 4; Византиски извори, I, стр. 255, бел. 5—6.

[10] F. Dvornik, La vie . . . , p. 61, 28—62, 4.

[11] Й. Иванов, Български старини из Македония. Фототипно издание. София, 1970, стр. 3: „[τῶ]ν πολῶν Βουλγά[ρων ὁ] ἐκ Θεοῦ ἄρχον ὁ Π[ρε]σιάνος ἀπέστιλεν [Ἠσ]βοῦλον τὸν καυχά[ν]ον δόσας αὐτὸν φοσάτα κ[αὶ] τὸν Ἠτζιργου βοίλαν κ[αὶ] ὁ καυχάνος ἐπὶ τοὺς Σμολεάνους".

[12] Опстојно за Смолјаните, види: Д. Дечевъ, Где сж живѣли Смолѣнитѣ? Сборникъ на В. Н. Златарски. София, 1925, стр. 45 сл.; сп. Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 228 и бел. 147.

[13] Ф, И. Успенский, На память тысячелетней годовщины славянскихъ просветителей. Одесса, 1885, стр. 2—3.

(кнажение словѣньско),[14] чија што територија ги опфаќала струмичко-брегалничките краишта. Тоа бил Методиј, братот на Константин Филозоф, кој на чело на довереното кнежевство стоел од средината на 40-те години на IX век до крајот на 855 година.[15] Неколку години пред паѓањето на Методиевото словенско кнежевство под бугарска власт (во првата половина на 50-те години) на мисионерска работа по реката Брегалница бил испратен и брат му Константин Филозоф.[16] Тогаш тој, со помошта на брат му Методиј, за потребите на македонските Словени ја создал словенската азбука (во 855 година) и ги напшал првите книги на словенски јазик (и написавь имь книгы словѣнскым ѧзыком).[17]

Управничката дејност на Методиј во „словенското кнежевство" и мисионерската работа на брат му Константин Филозоф по реката Брегалница биле прекинати кон самиот крај на 855 година[18] од страна на Бугарите,[19] кога кнезот Борис се спуштил од север.[20] Тоа пак значи дека во времето на Пресијан струмичко-брегалничките краишта останале погранични со Бугарија.[21] Во таа смисла говорат и вестите од еден летопис, дека Борис го примил „царството" на реката Брегалница (и на рѣцѣ Брѣгалници... прїемь царьство[22]). Слични податоци содржи и Житието на Тивериополските маченици. Во ова житие Теофилакт Охридски меѓу другото соопштува, дека жителите на Тиверипол (Струмица) биле натерани од Борис да се признаат за негови робови и да се потчинуваат на неговата господарска заповед (εἰ δὲ πρόσταγμα τοῦτο τοῦ Θεοφίλους ἡμῶν βασιλέως, ἡμεῖς δὲ ὑπηρέται καὶ ἐκπληρωταὶ τοῦ

[14] А. Теодоровъ-Баланъ, Кирилъ и Методи, I, София, 1920, стр. 86.

[15] Специјално за тоа, види: Б. Панов, В какой области Македонии был Мефодий князем. Actes du II-e Congrès International des études du Sud-est Européen, t. II, Athènes, 1972, p. 367—376.

[16] B. Panov, Die mission von Bregalnitza Konstantin des Philosophen — Kiril. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 3 (29) Скопје, 1977, S. 107—117.

[17] Ibid., 114; од истиот, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 177, сл.

[18] Ив. Огиенко, История церковно-славянськои мови, I, Варшава, 1927, стр. 35—36; Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури. София, 1956, стр. 46—47; К. М. Куев, Към въпроса за началото на славянската писменост. Годишник на Софийския университет, Филологически факултет, г. 1959/60, София, 1960, стр. 83—86.

[19] В. С. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий, София, 1945, стр. 94; Б. Панов, В. какой области Македонии был Мефодий князем, стр. 375.

[20] В. А. Бильбасовъ, Кириллъ и Мефодий по документальнымъ источникам, ч. 2. С. — Петербургъ, 1868—1871, стр. 4.

[21] Во т.н. „Истинной повѣсти о Кириллѣ и Мефодии и ѡ изобрѣтении богоданныхъ курилличесхихъ и словенскихъ называемыхъ писменъ" се вели, дека Методиј дејствувал оѵ оне предѣле кои сү граничили съ Болгарским народомь (Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский. Сергиевъ Посадъ, 1913, стр. 264; поопстојно за самиот извор, види на стр. 28 сл.

[22] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди. Фототипно издание. София, 1970, стр. 283.

προστάγματο; ἀπεστάλημεν· τίς ὁ λόγος, δούλους εἶναι ὁμολογοῦντας, δεσποτικῷ μὴ ὑποκύπτειν κελεύσματι)[23].

Расположливите изворни податоци, како што гледаме, овозможуваат да се заклучи дека завладувањата на Пресијан во Македонија допреле до горните текови на Струма и Брегалница и дека Брегалничката област и поголемиот дел од Струмичката биле завладеани од страна на неговиот наследник, кнезот Борис.[24]

Кога точно кнезот Борис ги потчинил градот Охрид и неговата област не е возможно од изворите да се утврди. Секако тоа станало во периодот од крајот на 855 до 864 година. Во 864 година Борис склучил мир со Византија, кој останал ненарушен сè до 894 година. Според мировниот договор на Византија Бугарија ѝ ги вратила само тврдините Месемврија, Анхиало и Девелт по црноморското крајбрежје, додека оние градови и области што ги завладеала во Србија, Македонија и во денешна Албанија ги задржала. Од своја страна пак се обврзала, меѓу другото, да го прими христијанството од Византија, т.е. таа да испрати свои свештеници кои по источен образец би го извршиле покрстувањето на поданиците на бугарската држава.[25]

Дека Охридскиот крај, како и целата територија на склавинијата „Берзитија", паднале под бугарска власт дури во времето на кнезот Борис, убедливо говори и фактот што ниту во еден извор не се врзува името на ханот Пресијан за овие македонски краишта. Сите извори, напротив, јасно сведочат дека кнезот Борис ги освоил југозападните македонски области, како и поголемиот дел од територијата на денешна Албанија кога од средината на 50-тите години почнал да продира преку реката Вардар.[26] Тогаш, истакнува Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици, на Борис „немалку народи му се потчиниле"[27]. За тоа убедливо сведочат и податоците од Пространото Климентово житие дека кнезот Борис ги владеел, освен градот Белград и околните српски области, уште и градовите Охрид, Главиница, Девол, т.е. целата област Кутмичевица,[28] која се протегала на поголем дел од Југозападна Македонија и денешна Албанија.[29] За слично Теофилакт Охридски известува и во едно од своиете писма (16-то по Ламија),

---

[23] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium ss. quendecim illustrium martyrum qui imperante impio Juliano Apostata Tiberipoli, quae Strumitza bulgarice dicitur passi sunt. Ed. J. P. Migne, Patrologiae cursus completus. Series Graeca, t. 126, Paris, 1864, col. 205, B.

[24] Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 235. Ѓузелев смета дека земјите јужно од Брегалница и Беласица во средината на IX век често ги менувале господарите Византија и Бугарија; меѓу нив тогаш се водел „крвав и безпоштеден двобој" кој да ги владее (В. Гюзелев, Княз Борис Първи. Софи 1969, стр. 40).

[25] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 74 сл.

[26] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенскій, стр. 168.

[27] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium . . ., col. 201, A.

[28] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София, 1966, стр. 124—125.

[29] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета. Сборник „Климент Охридски 916—1966", изд. на БАН, София, 1966, стр. 311 сл.

кога вели дека Деволската црква била „една од седумте соборни, коишто претхристијанскиот Борис, цар на Бугарија, ја соградил."[30] Овие вести од Теофилакт Охридски се потврдуваат и од оние од камениот натпис од 866 година, пронајден во с. Балши, околу 25 километри југозападно од г. Берат во Јужна Албанија: „. . покрсти се кнезот на Бугарија Борис, применуван Михаил, (саедно) со од Бога дадениот нему народ, (во) година 6374 (=866)".[31] Исто така и Ибн-Даста, кој од Солун заминал за Рим преку овие шумовити краишта, известува дека Словените (Ѕкáливовъ) го примиле христијанството во времето на Борис (Б-сѷса)[32].

Вклучувањето на градот Охрид и неговата област во рамките на бугарската држава, како и други делови на Македонија, сé уште има научници кои сакаат да го прикажат дека било извршено по пат на „обидинение на славянските племена в Мизия, Тракия, Македония".[33] Тргнувајќи имено од такво ненаучно гледиште, В. Ѓузелев се обидел да го омаловажи соопштението од Теофилакт Охридски, дека „царувањето на Борис преминало во трајна тишина и немалку народи му се потчиниле".[34] За него таквиот податок „едва ли може да се приеме като напълно вярно", зашто го преставувал „като завоевател и пълководец".[35]

Дека вклучувањето на незвисните или полунезависни „македонски склавинии"[36] во рамките на бугарската држава се одвивало преку водење завладувачки походи говорат, како што наведовме, не само вестите од натписот од Филипи за походот на кавханот Исбул „против Смолјаните", туку и оние од Житието на Тивериполските маченици, со кои Теофилакт Охридски истакнува дека кнезот Борис при утврдувањето на својата власт во Струмичкиот крај наидувал на организиран отпор меѓу Струмјаните. Тогаш, пишува Теофилакт, во градот Тиверипол (Струмица) „масата станала дрска повеќе отколку порано . . . , движењето се засилило како распален оган од мала искра". Органите на бугарската држава (цивилни и црковни), кои дејствувале од името на Борис, биле ужаснети од „таа бесмислена дрскост и побуна". Затоа при

---

[30] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae Epistolae, edd. J. P. Migne, Patrologiae cursus comletus. Series Graeca, t. 126, Paris, 1864, col. 529, D.

[31] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 14.

[32] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 169.

[33] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 348; сп. и стр. 33 сл.; истоветно гледиште во последно време застапува и Д. Ангелов, Българската народност и делото на Климент Охридски. Сборник „Климент Охридски 916—1966", София, 1966, стр. 8 сл.

[34] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium . . . , col. 201. A.

[35] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 55.

[36] Дека и во текот на IX век македоските Словени сè уште живееле во рамките на независни или полунезависни словенски кнежевства, управувани од словенски „кралеви" или „кнезови", види: Ив. Дуйчев, Нови житейни данни за похода на имп. Никифор I във България презъ 811 год. Списание на БАН, 26, 1937, стр. 150; од истиот Славяни и първобългари. Известия на ИБИ, 1—2, 1951, стр. 207—208; П. Мутафчиевъ, Рец. на книгаат на F. Dvornik, La vie de Saint Grégoire le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IX-e siècle. Paris 1926. Македонски прегледъ, IV/2, София, 1928, стр. 145; Р. А. Наследова, Македонские славяне конца IX-начала X века по данным Ионна Камениаты. Византийский временик, XI, 1956, стр. 86.

заведувањето на редот тие ги заплашувале побунетите жители, дека доколку не би се смириле би го натерале поостро да интервенира „досегашниот кроток и благ цар (Борис)“, со што би се натакнале „така безумно на ножеви и мечеви“[37].

На сличен отпор кнезот Борис наишол и при наложувањето и затврдувањето на својата власт во охирдско-деволските краишта. Во Пространото Климентово житие Теофилакт Охридски известува, меѓу другото, дека Борис, испраќајќи го Климент да дејствува како учител во обласка Кутмичевица, го удостоил во Девол со три дворци, кои ги конфискувал од луѓе од кнежевско потекло (τοῦ γένους τῶν κομήτων), подарувајќи му заедно со тоа и места за почивка околу Охрид и Главиница (ἀλλὰ δὴ καὶ κατ' 'Αχρίδα καὶ Γλαβηνίτζαν ἀναπαύσεως τόπους αὐτῷ 'εχαρίσατο).[38]

Овие дворци и имоти најверојатно биле одземени од берзитски племенски кнезови кои му пружиле отпор на кнезот Борис при освојувањето на нивната склавинија. Тоа е разбирливо, зашто Борис ја освоил склавинијата „Берзитија“ по тешките борби што ги водел против словенските војски што ги предводеле племенските кнезови. Отстранувајќи ја нивната власт[38a] тој ги лишил и од нивните наследни богатства. Таков бил случајот и со племенските водачи и од другите „македонски склавинии“ кои се спротивставувале било на бугарските било на византиските завладувачки војски.

Следејќи ги изворните податоци од Пространото Климентово житие се дознава и тоа, дека Климент „како учител во Кутмичевица“ се здобил од Борис и со такви привилегии кои му овозможиле да се претвори во крупен феудален земјопоседник. Имено, Борис наредил сите жители од областа Кутмичевица да му доставуваат на Климента се́ во изобилство, да го „удостојуваат со подароци“ и сл.[39] Тоа пак значи дека Климент покрај раскошните дворци и „местата за почивка“ добил и зависни луѓе кои го опслужувале со се́.[40]

Со слични привилегии биле удостоени и Климентовите ученици. „Во секоја област — пишува Теофилакт — тој се служел со триста ученици без нивните помошници и тие не му плаќале ништо на кнезот. . .“[41]

Суштински гледано овие податоци од Пространото Климентово житие убедливо и јасно говорат, дека кнезот Борис настојувал преку Климента и неговите одбрани ученици исто така да дејствува во затвр-

[37] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium . . . , col. 205, B-C.

[38] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125. Изразот τρεῖς οἴκους Милев го превел како „три къщи“. Нам поисправен ни изгледа преводот од Туницки „три дворца“ (Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 60).

[38a] Според известувањето на Ајнхард во 927 г. така постапил и ханот Омуртаг кога Бугарите ги „разориле со оган и меч Словените, коишто живееле во Панинија, ги протерале нивните кнезови и им назначиле бугарски управници“ (Латински извори за българската история, II, София, 1960, стр. 30).

[39] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125.

[40]. С. Лишев, За генезиса на феодализма в България. София, 1963, стр. 197.

[41] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126—127.

дувањето на бугарската централна власт во туку што завладеаните југозападни македонски краишта. Во таа смисла наполно е прав Н. Туницки кога истакнува: „. . . въ периодъ почти столѣтняго подчинения Македонии болгаромъ, она не только не потеряла своей этнографической обособленности, но и пользовалась всякимъ удобнымъ случаемъ чтобы отдѣлиться отъ Болгарии".[42]

Мисијата на Климент Охридски како учител, а подоцна и како епископ, како во Охридскиот крај, така и во другите македонски области, била насочена кон тоа: преку училиштата и црквите да се дејствува во смирувањето на македонските Словени и нивното претворање во послушни поданици на бугарската држава[43a]. Во таа смисла говорат и овие податоци од Климентовото житие: Климент „откога соградил во Охрид (манастир) додека уште бил жив блажениот Борис . . кон него прибавил и друга црква, којашто подоцна ја направиле архиепископска катедрала. Така во Охрид имало три цркви: една соборна и две на свети Климент, коишто биле по големина многу помали од соборната но поубави од неа со својата округла и сферична форма. Привлечени од убавините на градбите . . . (преку нив Климент) се стремел да ги измени мислите на луѓето кон кроткост и човечност" [44]

Мисионерската работа на Климент Охридски и на другите „свети мажи" во областа Кутмичевица како што гледаме наишла на отпор меѓу населението уште во самиот почеток. Затоа кнезот Борис, како што истакнува Теофилакт, „не престануваше да мисли, како да даде на светите мажи сѐ за неуморното завршување на божјото дело, по внушение божјо ја оттргна Кутмичевица од Котокиј и ослободувајќи го од диоцезот, го постави за нејзин началник Добета. Тој го предаде Добета на Климент, или уште поточно ги повери еден на друг, едниот како послушен во сѐ, а другиот, како задолжен да се кориси од првиот како од свој помошник, за да ги постигне намерите си".[45]

Овие податоци од Климентовото житие во последно време се протолкувани од Ив. Венедиков во смисла на отстранувањето на Котокиј од управничката дејност во областа Кутмичевица и поставувањето на негово место на Добета, со кого сега Климент требало да ја координира својата дејност како учител во овие сѐ уште немирни краишта.[46] Венедиков дури отишол и понатаму во расветлувањето на оваа проблематика. Врз база на вестите од житието дека Климент добил раскошни

---

[42] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 170.

[43] Б. Панов, Климент Охридски. Историја, г. III, кн. 1, Скопје, 1967, стр. 49—50.

[44] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 132—135.

[45] Ваков превод на текстот од глава XVII, 53, од Пространото Климентово житие, прифатил Венедиков (Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310) Слично толкување на овој текст дале и: М. Войнов, Някои въпроси във връзка с образуването на българската държава и покръстването на българите. Известия на Института за история, 10, София, 1962, стр. 302—303; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 355—357.

[46] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 316 сл.; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 357 сл.

дворци во Девол и места за почивка околу Охрид и Главиница, дошол до сознание дека градот Девол бил седиште на Деволскиот комитат во чиишто рамки влегувала целата област Кутмичевица заедно со градовите Велес, Прилеп, Битола, Меглен, Костур, Кичево, Охрид, Дебар и др. Оваа голема воено-адиниистративна единица ги претставувала еден од 10-те комитати на какви што била поделена целата проширена бугарска држава[47]. До доаѓањето на Климент за учител во Кутмичевица, смета Венедиков, комит (κόμης)[48] на Деволскиот комитат бил Котокиј, кој потоа бил заменет со Добета. Тој сега требало да му овозможи непречена дејност на Климент во изграувањето на броен словенски учителски и свештенички кадар.[49] Преку него всушност се извршувале наредбите на кнезот Борис, каков што бил случајот со другите комити, кои според Теофилакт, биле „служители и исполнители на заповедта" негова.[50] Комитите располагале со своја војска[51], со потчинет воено-административен апарат[52], така што со помошта и на црковните органи[53] можеле поуспешно да дејствуваат во затврдувањето на бугарската власт во потчинетите македонски области.

Кнезот Борис не без причини брзал да го испрати Климент за учител во областа Кутмичевица. Во овие краишта на Македонија сѐ повеќе и повеќе се засилувало византиското влијание преку грчките епископи и нивните помошници, кои слободно дејствувале на овој терен уште од 864 година, кога Борис дозвилил неговите поданици да бидат покрстени по источен образец. Соочен со сето тоа, Борис на трипати ја менувал својата црковна политика со цел да добие самостојна црква. Во периодот од 864—866 година исклучиво се потпрел на Цариградската патријаршија; во 866—870 поминал на страната на Римската црква, а од 870 пак бил придобиен од Византија, кога таа му дала самостојна бугарска црква — архиепископија, потчинета на врховната власт на цаиградскиот патријарх.[54]

Со вклучувањето на Бугарската црква во рамките на Цариградската патријаршија одново се засилило византиското влијание во Македонија. Кнезот Борис бил немоќен да дејствува на црковен план зашто

---

[47] Bertinini, Annales, pars III, sub anno 866, Mon. Germaniae, I, p. 473; сп. Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 314—315; Д. Ангелов, Българската държава и славянската писменост и култура. Сбрник „Константин-Кирил Философ". Изд. на БАН, София, 1969, стр. 10—11.

[48] Опстојно за титулата „комит", види: Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 167 сл.; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 313 сл.

[49] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310 сл.

[50] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium . . . , col. 205, B.

[51] Ibid., col. 217, C.

[52] Сп. В. Гюзелев, Княз Борис Први, стр. 388 сл.

[53] Во Житието на Тивирополските маченици Теофилакт Охридски пишува дека комитот Тарадин во смирувањето на населението на Струмица и ликвидирањето на „бунтот" во времето на Борис, дејствувал „заедно со епископите" (Theophilacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium. . . , col. 205, B).

[54] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 175; В. Гюзелев Княз Борис Първи, стр. 406 сл.

се́ уште немал изградено своја сопствена црковна организација. Тоа пак го користеле византиските свештеници за се́ потрајно наложување на црксвната власт на Источната црква во немирните македонски области. Во таа смисла говори и фактот, дека одделни македонски епархии биле вклучени во списоците на епархиите, потчинети на цариградскиот патријарх, независно од тоа што нивните територии се наоѓале во рамките на бугарската држава.[55] Меѓу таквите епархии била и Охридската, чиишто епископ Гаврило Охридски (Γαβριὴλ ᾿Αχρίδης) зел учество на т.н. Фотиев црковен собор во Цариград 879 година.[56]

Дејноста на Климент во Македонија била, всушност, наполно идентична со онаа што ја вршел тој заедно со своите учители Кирил и Методиј во Великоморавија.[57] Разликата била само во едно: во Великоморавија Кирил и Методиј и нивните ученици работеле на тоа да ја заменат латинската богослужба со словенска, а во Македонија грчката со словенска. Инаку, во Великоморавија Климент и Наум ги извршувале плановите на византиските императори Михаил III и Василиј I, а во Македонија на бугарските владетели Борис и Симеон. Во таа смисла наполно е убедлив Н. Туницки кога вели, дека Климент „сдѣлался лицомъ близкимъ къ Борису и сталъ трудиться въ полномъ согласии съ планами князя". Поаѓајќи имено од овој факт, Туницки, кој, инаку, со право се смета за еден од најдобрите познавачи на Климент Охридски, заклучил дека „Климентъ не былъ просто мисионеромъ Македонии въ обычномъ смыслѣ этого слова, и не распространение християнства среди славянъ было главной цѣлю его трудовъ, такъ какъ население Македонии и смежных областей уже до него было крещено. Въ своей дѣятельности на первый планъ онъ ставилъ проствѣщние народа славянскимъ книжнымъ учениемъ, введение славянскаго богослужения, приготовление национальной иерархии".[58]

Седумгодишната учителска дејност (886—893) на Климент во охридско-деволските краишта се одвивала наполно според „определената програма на кнезот Борис"[59]. Тоа било диктирано и од отпорот на византиското свештенство на кој наидувал Борис при затврдувањето на својата власт над македонските Словени во Југозападна Македонија.[60] Сето тоа Борис го зел во предвид кога уште во 886 година извршил промена во управата на областа Кутмичевица, т.е. го сменил Котокиј и на негово место го поставил Добета (Домета). Тој сега како верен исполнител на волјата на кнезот Борис требало да му обезбеди безбедна и непречена работа на Климента.[61]

---

[55] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 184—185.

[56] Гръцки извори за българската история, IV. София, 1961, стр. 117.

[57] Н. Л. Ттницкий, Св. Климентъ, епископъ словенскй, стр. 175; Б. Панов, Климент Охридски, стр. 50.

[58] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 174—175.

[59] Ibid., 187—188.

[60] Ibid., 184.

[61] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 357 сл.

Кнезот Борис не случајно го испратил Климент, по кратко задржување на бугарскиот двор во Плиска, да изврши важна државна мисија во Македонија во својство на учител. Тој уште во Великоморавија спаѓал во редот на оние многу учени ученици на браќата Кирил и Методиј „коишто имале должност на учители (διδασκάλων)". Освен тоа Климент спаѓал во редот и на оние „славни мажи" кои биле удостоени и со свештеничко звање (πρεσβύτερος).[62] Затоа, само што пристигнале Климент и Наум заедно со другите свои соученици во Белград, тамошниот бугарски наместник веднаш ги испратил на дворот во Плиска, зашто знаел дека кнезот Борис „жедува за такви мажи... учители и градители на верата".[63]

Климент, како опитен византиски мисонер во Великоморавија,[64] сега бил придобиен од кнезот Борис во името на заштитата на словенското дело, чии основополжници биле неговите учители Кирил и Методиј,[65] да обави во Македонија учителска дејност со специјално значење[66]. Притоа, истакнува неговиот житиописец Теофилакт, „никогаш не престанал да се грижи да не го измами кнезот во надежите, коишто тој ги возложувал на него".[67] Главната задача што му ја поставил Борис не се состоела во елиминирањео на јазичниците, кои сѐ уште ги имало во овие краишта на Македонија,[68] туку да се создат словенски школи во кои учениците би се обучувале со словенска писменост и црковна литература. „Это было, вели Туницки, фундаментомъ всего дѣла, задуманнаго Климентомъ и Борисомъ".[69]

Градот Охрид уште во почетокот се претворил во еден од главните средишта на учителската дејност на Климент. Во Охрид тој уште додека бил на власт Борис подигнал повеќе цркви[70] во кои се вршеле словенска богослужба од него лично и од неговите соработници, кои самиот ги изградил. Со тоа Климент ги поставил темелите на изградувањето не само на македонската словенска школа, туку и на словенскатата црква. „Въ самомъ населении македонскомъ, подвлекува Туницки, было достаточно данныхъ, чтобы стремления Климента встрѣтили тамъ самый радушный откликъ, и создание национальной церкви съ славянской литургией и грамотой превратилось въ живое народное дѣло".[71]

Како резултат на својата интензивна дејност Климент успеал за кратко време, како што соопштува неговиот житиеписец, да изгради

---

[62] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 111.
[63] Ibid., 121.
[63] Види за тоа: Б. Панов, Климент Охридски, стр. 37 сл.
[65] Опстојно за тоа, види: Е. Георгиев, Кирил и Методий основоположници на славянските литератури. София, 1956.
[66] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 185.
[67] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 125—127.
[68] Ibid., 126—127; сп. Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 188; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 359 сл.
[69] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 188.
[70] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 132—135.
[71] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 188.

огромен словенски свештенички и учителски кадар. „Тој имал во секоја енорија одбрани помеѓу другите и тие никако не биле малку, зашто се набројувале до три илјади и петстотини. Со нив тој го поминувал повеќето од времето си и им ги раскажувал подлабоките места од писанијата".[72] Сите тие ученици „биле најдобри од сите по живот и по знаење", зашто нивниот учител Климент со „својата срдечна доброта" ги направил „поблиски од другите". „Ние секогаш бевме со него, пренесува житиеписецот, присуствувајќи во сѐ, коешто го вршеше и на коешто учеше преку едното и другото. Ние никогаш не го видовме да безделничи, но тој или ги учеше децата, и тоа по различни начини — на едни ги покажуваше формите на буквите, на други ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети ги нагласуваше рацете, за да пишат и не само дениски, туку и ноќе, или се оддаваше на молитва, или се бавеше со читање, или пак пишуваше книги, а понекогаш во истовреме вршеше две работи: пишуваше и предаваше на децата некакво знаење, бидејќи знаеше, дека безделничењето е учител на секое зло . . . "[73]

Врз база на овие податоци од Климентовото житие, Н. Туницки дошол до заклучок, дека „Юго-западная Македония обязана была Клименту организацией школъ двухъ родовъ-училищъ для взрослыхъ и для дѣтей. Какъ видно изъ жития, обучение славянской грамотѣ взрослыхъ имѣло главнымъ образомъ цѣлъ практическую — приготовление славянской иерархии, клира и учителей славянской грамоты для народа".[74]

Околу 3.500 ученици по завршувањето на школата за возрасни биле приклучени кон црковниот клир и распоредени на работа по одделните црковни области. „Од нив тој (Климент) поставувал, соопштува Теофилакт, четци, иподѓакони, ѓакони и свештеници. Во секоја област тој се служел со триста ученици без нивните помошници и тие не му плаќале ништо на кнезот, но служеле на бога и биле определени нему да му плаќаат или поскоро да му се отплаќаат. Тие дела ги извршил Климент во продолжение на цели седум години".[75]

Некои научници допуштаат дека Климент, освен во Охрид (во манастирот кој го изградил со помошта на Борис), одделни училишта изградил и во другите краишта на областа Кутмичевица.[76] Но независно од тоа, Охрид за време на учителствувањето на Климент се претворил во главен центар за стекнување повисоко црковно и просветно образование. Затоа има основа да се прифати мислењето на научниците, кои сметаат дека тогаш градот Охрид израснал во развиен универзитетски центар, т.е. во средиште на прв словенски универзитет воопшто.[77]

---

[72] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 127.
[73] Ibid., 127.
[74] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 189.
[75] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 127.
[76] За тоа се застапува и В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 365.
[77] Сп.: П. Петров, Климент Охридски и неговата епоха. Сборник „Климент Охридски 916—1966". Изд. на БАН, София, 1966, стр. 48; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 364.

Градот Охрид, освен црковно-просветен, едновремено израснал и во развиен книжевен центар. За тоа најмногу придонел Климент, со што, со право за неговото име се врзал и називот Охридски. Голема помош во тоа му укажал и неговиот верен соученик и сопатник Наум, кога тој, по унапредувањето на Климент за епископ, го зел неговото учителско место.[78] Тие со право се сметаат за основоположници на Охридската книжевна школа.[78a]

Уште додека учителствувал Климент во Охридскиот крај тој развил плодна писателска дејност. Соочен со фактот дека голем дел од обучените словенски свештеници мачно го разбирале напишаното на грчки јазик, им напишал „прости и јасни слова за сите празници". Тој богато ја снабдил црквата и „со псалмоподобни песнопенија" итн.[79] Од неговото перо биле напишани или преведени околу 50 „слова" (дела)[80], кои послужиле како основа за изградувањетн на македонската литература и култура.[81] Во овој период Охрид се претворил и во средиште на скриптории, а располагал и со библиотека, како резултат на што од овој град биле растурени широм целиот словенски свет голем број словенски книжевни трудови.[82] Покрај тоа, од кругот на учениците на Климента израснале и познати писатели,[83] кои, заедно со Наум, исто така, придонеле Охрид да се развие во еден од најпознатите словенски културни средишта. Во тоа се состои, пак, и прогресивноста на дејноста на Климент во Македонија. Затоа, неговата дејност треба да се гледа од две

---

[78] Житиеписецот на Првото житие на Наум во врска со тоа пишува: „Кога го назначија Климент за епископ, истиот благоверен цар Симеон го испрати другарот му Наум да учителствува наместо него" (П. Петров — В. Гюзелев, Христоматия по история на България, т. I. София, 1978, стр. 292). Дека Климент учителствувал „во продолжение на цели седум години", соопштува и Теофилакт во неговото житие (А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126—127).

[78a] Поопстојно за ова школа, види: Б. Конески, Охридската книжевна школа. Литературен збор, III/1, Скопје, 1956, стр. 1—19; од истиот, Охридската книжевна школа. — „Книга за Климент Охридски", Скопје, 1966, стр. 69—97; Е. Георгиев, Охридската книжовна школа. Сб. „Климент Охридски 916—1966". изд. на БАН, София, 1966, стр. 53—77.

[79] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 133; сп. за музичката активност на Климент Охридски: С. Петров, Творци, паметници и традиции на старобългарската музикална култура. Сб. „Климент Охридски 916—1966". Изд. на БАН, София, 1966, стр. 395 сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од XI до XII век. Македонска музика, 2, Скопје, 1978, стр. 43 сл.

[80] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 248 сл.; Е. Георгиев, Разцветът на българската литература в IX—X век. София, 1962, стр. 131 сл.; Х. Поленаковиќ, Климент Охридски. Живот и дејност. — „Книга за Климент Охридски", Скопје, 1966, стр. 26 сл.; Б. Ст. Ангелов, Няколко наблюдения връху книжевното дело на Климент Охридски. Сб. „Климент Охридски 916—1866", София, 1966, стр. 79 сл.; Б. Велчева, Глаголицата и школата на Климент Охридски. Сб. „Климент Охридски 916—1966", София, 1966, стр. 135 сл.; Б. Панов, Климент Охридски, стр. 50 сл.

[81] Б. Панов, Климент Охридски, стр. 51 сл.

[82] Ibid., 45, бел. 64; С. Антолјак, Самуиловата држава. Скопје, 1969, стр. 90—91.

[83] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 256—257.

страни: како мисионер, спроводник на државната политика на Борис и Симеон во Македонија, од една страна, и како основоположник на македонската словенска школа, црква и култура, од друга страна.[84]

До 893 година, кога Климент бил унапреден за епископ од Симеон (893—927), тој успеал да изгради голем број учители и свештеници кои не само што во областа Кутмичевица ги зеле местата на византиските свештеници, туку и во другите македонски области, потчинети на Бугарија,[85] каков што бил случајот и со Брегалничкиот комитат, кога во новосоздадената Брегалничка епископија била воведена богослужба на словенски јазик[86].

Со назначувањето на Климент за прв „епископ словенски"[87] уште повеќе се забрзал процесот на словенизирањето на македонските цркви. Овој чин Симеон не случајно го направил. Како епископ Климент сега требало да дејствува во правец на реализацијата на неговата завладувачка политика спрема оние македонски области кои останале под византиска власт. Затоа, Симеон само што дошол на власт, го поставил Климента, кој веќе бил испробан мисионер, за „епископ на Тивериопол или Велика" (ἐπίσκοπος Τιβεριουπόλεως ἤτοι Βελίκας).[88] Овој податок за Климента, кој се наоѓа во т.н. Диканжов каталог на охридските архиепископи, единствено најдиректно ја определува местоположбата на Климентовата епископија, па затоа со право вели Ив. Снегаров, во еден од последните свои трудови, дека треба „да биде раководна нишка во барањето на местоположбата на Климентовата епикопија".[89] Податокот од Пространото Климентово житие, дека Климент бил назначен од Симеон за „епископ на Дрембица или Велика" (ἐπίσκοπον Δρεβενίτζας ἤτοι Βελίτζας) иако бил подложен на сестрана анализа од страна на познавачите на Климента[91], се до денес во науката останал неразјаснет. Затоа, потпирајќи се на податокот од Диканжовиот каталог, денес единствено поаргументирано можеме да говориме, дека градот Тивериопол (црковниот назив на Струмица) бил средиштето на Клименотовата епископија.[92] Симеон секако водел сметка кога Климента го испратил да дејствува во овој крај на Македонија, зашто Струмица останала како пограничен град, поради што

---

[84] Б. Панов, Климент Охридски, стр. 50.

[85] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 189—190

[86] Theophylacti archiepiscipi Bulgariae, Martyrium . . ., col. 208, D.; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски за музиката во Македонија, стр. 44.

[87] Сп. за тоа: Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 114, 218 сл.

[88] Й. Иванов, Български старини из Македония, 565.

[89] Ив. Снегаров, По въпроса за спархията на Климент Охридски. Сб. „Климент Охридски 916—1966", София, 1966, стр. 303.

[90] А. Милев, Гръцките житиия на Климент Охридски, стр. 128—129.

[91] Најнов осврт врз досегашните гледишта на научниците по прашањето на местоположбата на Клиемнтовата епископија, види: Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 291 сл.; сп. и Б. Панов, Климент Охридски, стр. 45 сл.

[92] Б. Панов, Климент Охридски, стр. 47—48.

грчкото влијание тука било се́ уште многу големо. Затоа не е без основа нашето мислење, искажано уште во 1967 година, дека Климент најверојатно го зел местото на грчкиот епископ Теоктист Тивериполски, кој заедно со Гаврило Охридски и уште неколкумина други епископи зел учество на Фотиевиот црковен собор во Цариград во 879 година.[93]

Дека средиштето на Климентовата епископија се наоѓало подалеку од Охрид говори и оној податок од Климетовото житие, со кој Теофилакт Охридски известува дека „Климент се враќал од Велика во Охрид како за да виде дали жителите на земјата се силни по дух и дали се опираат на стравот од бога како на некаков жезл, исто така и за да остане на спокојство во општењето со бога во манастирот си, чијашто убавина ја сакал и за којашто тагувал, кога се оддалечувал некаде другаде“.[94] Како што гледаме, иако Климентовото епископско седиште се наоѓало подалеку од Охрид, тој не престанувал да доаѓа во овој град каде што имал изградено „сопствен манастир“ уште додека бил жив Борис[95]. Во рамките на овој манастир не само Климент што пишувал книги, туку и голем број негови ученици препишувале и преведувале книги[96], со што манастирот се пртворил во културно жариште, за кој така многу „тагувал“ Климент кога се оддалечувал од Охрид.

Набргу по назначувањето на Климент за епископ Симеон ја возобновил војната со Византија. До почетокот на X век тој успеал да ја прошири бугарската граница на 22 км до Солун, а за што сведочи и еден пронајден пограничен столб во с. Нарш.[97] Во екот на оваа војна,[98] Климент „веќе погрбавен од старост и истоштен од работа“ решил да „се откаже од епископијата си“, правдајќи се дека е „слаб за црковните грижи“. Симеон бил „ужасен од тоа неочекувано барање“; го сметал тоа за лош предзнак за симнувањето му од „царскиот трон“. Откако

---

[93] Гръцки извори за българската история, IV, стр. 117 и бел. 12; сп. Б. Панов, Климент Охридски, стр. 47.

[94] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134—135.

[95] Ibid., 133—135.

[96] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 249 сл.; С. Антолјак, Самуиловата држава, стр. 90—91.

[97] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 18: Ἔτο[υς ἀ]πὸ κτ[ίσεως] κ[όσμου] συιβ̅ ἰν[δικτιῶνος] ζ̅ ὅρος Ῥωμαίων κ[αὶ] Βουλγάρ[ων] ἐπὶ Συμεὼν ἐκ Θεοῦ ἄρχ[οντος] Βουλγάρ[ων] ἐπὶ Δρίστρου κομίτου.

Во превод текстот гласи: „Во година од создавањето на светот 6412, индикт 7-и (= 904 г.) Граница меѓу Ромеите и Бугарите. Во времето на Симеон, од Бога кнез на Бугарите, при Теодор олгутарханот и при комитот Дристр“.

[98] За време на оваа војна, Симеон го „разорил целиот Запад“ (т. е. европските провинции на Византија), одведувајќи ги „во плен жителите му“ — пишува во едно од своите писма императорот Роман Лакапин, коишто му ги испратил на Симеона (Гръцки извори за българската история, IV, стр. 300 и бел. 3). Істо така и некои изворни податоци од житијата говорат, дека Симеон го ограбил и поробил (ἐξανδραποδιζόμενός τε καὶ ληϊζόμενος) населението во европските владенија на Византија (κατὰ πάσης ἠπείρου), кога ги лишил од слобода оние, коишто не ги лишил од живот (τοὺς μὲν ζωῆς τοὺς δ'ἐλευθερίας ἀποστερῶν) (Vita S. Lucae Iunioris, Patrologiae cursus completus. Series Graeca, t. III, col 449; С; сп. С. Лишев, За генезиса на фодализма в България, стр. 190).

му нагласил дека не може да го обвини дека со нешто го повредил лично и дека духовенството на кое стоел на чело му останало непокорно, му наредил да си ја повлече оставката.[98a]

Климент присилен и натаму да ја врши својата епископска должност, по кратко време умрел, во 916 година. Бил погребан во охридскиот манастир во гроб којшто „тој самиот со сопствените си раце си го подготвил".[99] Шест години пред Климент умрел и неговиот најверен соработник Наум, чијшто манастир се наоѓа на другата страна на Охридското Езеро.[99a]

* * *

Со наложувањето и затврдувањето на бугарската власт во Охридскиот крај, како и во другите завладеани македонски области, се засилил процесот на феудализацијата. Тоа било резултат и од засилувањето на централната власт во Бугарија. Бугарските владетели Пресијан, Борис и Симеон уште додека ги завладувале одделните „македонски склавинии" со сите сили дејствувале кон тоа да ја ликвидираат, пред сè власта на племенските кнезови. Притоа, сите оние претставници на македонската племенска аристократија, кои давале отпор во рамките на своите склавинии, едноставно биле жестоко накажувани, а имотите им биле конфискувани. Такви конфискувани раскошни дворци, како што наведовме, кои му „припаѓале на кнежевски род", му доделил во Девол кнезот Борис на Климент, заедно со „места за почивка околу Охрид и Главиница". Едновремено со тоа тој му доделил и извесен број зависни луѓе, кои, сега, не само што извршувале бесплатна работа (ангарија)[100] за својот господар, туку и го снабдувале со натурални давачки.[100a] Со

[98a] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 137—141. Да се откаже Климент од својата епископска должност секако се должело на ѕверствата кои ги вршел Симеон над потчинетото македонско население (Сп. Б. Панов, Климент Охридски, стр. 52).

[99] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 141—143. Гробот на Климент го открил проф. Д. Коцо во манастирот Св. Пантелејмон при Имарет (Д. Коцо, Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон" и раскопката при „Имарет" во Охрид. — „Книга за Климент Охридски", Скопје, 1966, стр. 129—169).

[99a] Житиеписецот на Второто Наумово житие пишува, дека „во Деволскиот лиман, на крајот на езерото на Охридскиот град, во меѓуречието, Наум изградил голема обител и храм на чиноначалникот Архангел Михаил и на сите небесни сили со средствата и заповедта на благочестивиот бугарски цар Михаил-Борис и неговиот син Симеон во годината 6413 (= 905). И откако уреди сè благоудно на бога, почина таму блажениот Наум во длабока старост и ја предаде душата си во божјите раце на 23 декември. А чесното му тело беше облечено од божјите раце на Христовиот архиерей Климент Охридски и положено свечано во гробот во десното крило на храмот" (П. Петров—В. Гюзелев, Христоматия по история на България, I, стр. 295). Сп. и Ив. Дуйчев, Пространно гръцко житие и служба на Наум Охридски. Сб. „Константин-Кирил Философ". Изд. на БАН, София, 1969, стр. 151 сл.

[100] Дека биле испраќани луѓе „на ангарија со царски поштар" во времето на Борис во Македонија, соопштува и Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици (Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium . . . , col. 212,, C.).

[100a] Сп.: Д. Ангелов, Богомилството в България. София, 1969, стр. 70 сл.; С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 176, 196—197.

слични привилегии биле удостоени, како што наведовме, и учениците на Климент, а секако и Наум, кој како и Климент, располагал со свој манастир на едно од најубавите места на Охридското Езеро.[101]

Дека Климент Охридски „имал (доделено) имот од верни кнезови и цареви“ — се вели и во неговото Пространо житие. „Пред да умре — соопштува житиеписецот — „тој си направил тестамент, и тоа според канонитс, како за книгите, коишто ги напишал, исто така и за имотот си . . . Откако го разделил целиот си имот на два дела, тој ја оставил едната половина на епископијата, а другиот дел на манастирот, давајќи јасен пример и во тој случај како треба да се печали и како да се употребува спечаленото и дека и едото,и другото се по божја сугестија . . . Не е возможно никој да направил откажување од имотот си по друг по пофален начин од оној што го направил великиот Климент.“[102]

Овие вести од Пространото Климентово житие, како што гледаме, убедливо сведочат дека уште од втората половина на IX век во Охридскиот крај со забрзано темпо почнал да расте, под влијание на веќе воспоставениот феудализам во бугарската држава,[103] крупниот црковноманастирски феудален земјопосед. Едновремено со него растел и се оформувал и крупниот световен феудален земјопосед. За тоа говорат и некои податоци од Житието на Тивериполските маченици, со кои Теофилакт истакнува дека во времето на Симеон во потчинетите македонски области имало и такви луѓе кои се гордееле со своето богатство.[104]

Но не треба да се запостави и фактот дека во Охридскиот крај, како и во другите краишта на Македонија, до наложувањето на бугарската власт не се одвивал известен процес на феудализација во рамките на „склавинииите“, зашто, како што наведува авторот на Miracula s. Demetri II, уште кон крајот на VII век македонските племенски кнезови веќе располагале со тешко наоружени пешаци (ὁπλίτας), кои ги користеле освен за водење одбранбена војна против Византија уште и за држење во потчинетост на своите соплеменици.[105] Такви војници, секако, имале под своја власт и берзитските кнезови, чијашто племенска територија уште во VIII век била цел на завладувачки поход и на бу-

---

[101] Д. Коцо, Проучувања и археолошки испитувања на црквата на манастирот Св. Наум. Зборник на Археолошкиот музеј во Скопје. Скопје 1958, стр. 56—80; сп. и Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 167, којшто вели: „Можно думать, что и Наумъ получилъ часть конфискованныхъ имений, такъ какъ онъ построилъ на южной сторонѣ Охридского озера свой монастырь . . ., при содѣйсвтии Бориса“.

[102] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 140—141; сп. Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 60—61.

[103] Сп.: Д. Анеглов, Богомилството в България, стр. 70; С. Лишев, За генезиса на фоедализма в България, стр. 200.

[104] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium . . ., col. 217, B.

[105] Византиски извори за историју народа Југославије, I, стр. 210 и бел. 52a; сп. Б. Панов, Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизацииja, стр. 134; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 315.

гарскиот владетел Телериг.[106] Со таква војска била бранета, секако, „склавинијата — Берзитија“, кога во втората половина на 50-тите години на IX век кнезот Борис го отпочнал својот завладувачки поход кон Југозападна Македонија. Во овој период племенските кнезови веќе располагале во рамките на слободните селски општини (кои останале доминантни сé до почетокот на XI век,[107]) со големи наследни имоти и зависно население (слуги и сл.), како и со такви дворци, кои се одликувале „по својот раскош“[108]. Имено, самиот факт дека овие кнезови имале на располагање рскошни дворци убедливо говори дека тие во имотен поглед доста се издвоиле од своите соплеменици од кои мнозина од нив веќе ги имале претворено и во зависни луѓе кои сега им служеле како домашни слуги во раскошните дворци, како земјоделци и сл. на имотите им итн.

По потчинувањето на охридско-деволските краишта, Борис ги лишил племенските кнезови, кои му се спротиставувале, од сите нивни наследни имоти, вклучувајќи ги и нивните дворци, додека пак на оние кои доброволно му се потчиниле и се ставиле во негова служба им ги оставил имотите,[109] удостојувајќи ги дури и со извесни привилегии, каков што бил случајот со Климент и неговите ученици. На тој начин и во рамките на потчинетата склавинија „Берзитија“ овие племенски кнезови можеле да задржат извесна самоуправа, каков што бил случајот и со оние племенски кнезови чиишто склавинии биле завладеани од Византија и вклучени во рамките на одделните теми[110]

Растежот на крупниот црковно-манастирски и световен феудален земјопосед во Охридскиот крај особено засилено почнал да се одвива по 864 година, кога Борис се согласил византиски свештеници да го извршат покрстувањето на сите негови поданици. Грчките свештеници сега, држејќи се до своите канони, добиле одврзни раце за пресметнување со сите окорени Словени—пагани. Како резултат на тоа голем број такви приврзници на јазичките обреди морале да ги изгубат своите наследни имоти во полза на црквата.[111] Притоа тие дејствувале во содеј-

---

[106] Theophanis Chronographia, p. 447, 10—13; сп. Латински извори за българската история, II, стр. 261; Византиски извори, I, стр. 233 и бел. 58; Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ. Исторически очеркъ, Македонски прегледъ, г. IV, кн. 1, София, 1928, стр. 99; Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 136.

[107] Б. Панов, Струмичката област во времето на Самоил. Зб. „Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава“. Изд. на Институтот за национална историја. Скопје, 1971, стр. 158.

[108] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125; сп. и Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, стр. 60—61, 176.

[109] Сп. Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 167; В. Н. Златарски, История на българската държава презъ средните векове, I/2, стр. 636 сл.

[110] Иоанн Камениата, Взятие Фессалоники. „Две византийские хроники X века“. Москва, 1959, стр. 150, 230—232 (Од предговорот и коментарот на Р. А. Наследова); сп. и С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 143.

[111] Д. Анеглов, Богомилството в България, стр. 80.

ство со органите на бугарската власт[112] во сузбивањето на отпорот кој доаѓал како од обичното селанство така и од претставниците на племенската аристократија. Тоа е причината, пак, што иако Охрид во овој период бил седиште на посебна епархија, иако епископот охридски Гаврил директно се раководел од цариградскиот патријарх,[113] голем број Словени од охридско-деволските краишта да останат јазичници сѐ до испраќањето на Климент за учител во Кутмичевица. За тоа соопштува и Теофилакт во неговото житие. „И навистина — пишува Теофилакт — обиколувајќи ги сите области, кои ги спомнавме, тој (Климент) громогласно проповедал на јазичниците божјото спасение“[114]. Притоа, тој се потпирал на голем број свои ученици — следбеници во одделните енории. Како резултат на тоа во времето на Симеон било „утврдено православието со изградените насекаде цркви“[115].

Едновремено со растежот на крупниот црковно-манастирски и световен феудален земјопосед во Охридскиот крај, како и во другите завладеани од Бугарите македонски области, се одвивал и забрзан процес на претварањето на слободното селанство во зависно. Такво зависно население, како што видовме, добил и Климент во деволско-охридските краишта. Тоа го сторил лично кнезот Борис, кога на Климент му доделил земјишна сопственост, како и право на „некаков општ данок“.[116] Преку овој чин, како Борис исто така и неговите следбеници, го забрзале развојот на феудализмот во рамките на бугарската држава. Преку подарувањето на претставниците на аристократијата земјишни имоти и зависни селани (парици и клирици) бугарските владетели, сега, по законски пат, го овозможувале натамошниот развиток на феудалната сопственост, а истовремено, како што истакнува Лишев, ја улеснувале и државната власт во тој правец, забулувајќи ја притоа пред народните маси со илузијата на „надкласовост“. На тој начин правната надградба (законодавството) и црквата „како надградбени фактори многу придонеле за да се создадат не само неопходниот службен, туку и општествен авторитет на младата феудално-господречка класа“. Црковните органи тоа го чинеле преку всадување во сознанието на верниците престава за божјото потекло на власта.[117] Тоа јасно се гледа и од искажувањето на презвитерот Козма: „царевите и бољарите се од бога создадени“ (цр҇и и̑ болѩре бм҃ъ соуть оу̑чинени)[118] Повикувајќи

---

[112] Дека во близина на црквите биле распоредени бугарски војници „коишто живееле немарливо и имале небрежно поведение“ — се вели и во Житието на Тивериополските маченици (Theophylacti archiepiscopi Bulgariae, Martyrium..., col. 217, C).

[113] Гръцки извори за българската история, IV, стр. 117; сп. и Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 184—185.

[114] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126—129.

[115] Ibid., 126—129. Наум Охридски исто така ги отклонувал Словените да ги обожаваат одделните камења и сл. (Д. Ангелов, Богомилството, стр. 110, бел. 15).

[116] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, ст. 196—197.

[117] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 185.

[118] М. Г. Попруженко, Козма Презвитеръ болгарский писатель X вѣка. Български старини, кн. XII. София, 1936, стр. 35,$_{16}$.

се на посланијата на Павле, Козма во својата Беседа го терал секој верник „да се потчинува на врховните власти, зашто — вел тој — нема власт што не е дадена од Бога, оти владетелите се поставени од Бога“.[119]

Во Охридскиот крај во тој правец дејствувале и Климент и Наум заедно со своите верни ученици.[120] На тој начин голем дел од книжевните трудови, кои биле создадени во рамките на Охридската книжевна школа, ги поучувале читачите дека општествено-политичкиот живот на земјата хиерархиски е така уреден (цар—бољари— зависни селани), како и црковниот (патријарх—архиепископи и митрополити—епископи и игумени—свештеници и монаси) и небесниот (бог—мајка божија, апостоли и архангели—ангели, светци и богоугодници итн.)[121] Тоа пак значи дека сите тие дела биле предназначени пред сé за потребите на бугарската црква и држава, т.е. тие биле насочени кон изградувањето на официјалната идеологија, феудалната, која требало да ѝ служи на господаречката класа.[122]

Меѓутоа, напоредно со излегувањето од школата на Климента и Наума оддани служители на официјалната бугарска црква и сестрани заштитеници на нејзината феудална идеологија, излегле голем број и такви учители и свештеници чиишто погледи се свртиле против заблудите и слепата починетост. Како сестрано образовани луѓе тие сега можеле аргументирано да истапуваат против учењето на официјалната црква, против нејзиниот хиерархиски ред, како и против општествениот и државниот ред. Заради сето тоа овие „опозиционери“ црквата веднаш ги осудила како еретици.[123] На тој начин Охирдската школа влијаела да се создаде на територијата на бившата склавинија „Берзитија“ благопријатна почва за изградувањето на новото еретичко учење — богомилското. Ова учење, кое бргу се претворило и во движење, било, всушност, создадено под влијание на старите дуалистички учења павликијанството, манихејството и масалијанството, како и конкретните историски услови. Затоа во својата основа богомилството било оригинално учење. Тоа уште во својот почеток се претворило во опасно движење, насочено како против официјалната црква и нејзиното учење, така и против феудалните господари (црковни и световни), државните органи, а и самиот бугарски цар Петар (927—969), за чиешто владеење тоа и се појавило за првпат. Таквиот карактер на богомилството се согледува и од Беседата на презвитрот Козма: „Еретиците (богомилите) пак се осудуваат двојно, бидејќи шират друго учење и зашто се нови апостоли и претходници Антихристови и ги подготвуваат луѓето да го прифатат погибелниот син. Бидејќи хулат на богатите, ги учат своите дека не треба да им се покоруваат на господарите, мразат цареви, се

---

[119] Ibid., 37,13—15.

[120] Сп.: Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 94 сл.

[121] Е. Георгиев, Литература на изострени борби в средновековна България. София, 1966, стр. 6—7, 14—15.

[122] Ibid., 14 сл.; Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 116 сл.

[123] Сп. Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 117 сл.

смеат на старешини, прекоруваат болјари и сметаат дека оние што му служат на царот му се одбивни на Бога, и му заповедуваат на секој слуга да не работи за својот господар".[124]

Дека Охридскиот крај уште од самиот почеток бил зафатен од ова антицрковно, антифеудално и ослободително движење,[125] истакнува и Теофилакт Охридски во Климентовото житие, кога, обраќајќи се до него како на светец,[126] пишува: „О земјен ангел и небесен човек! . . . се повеќе и повеќе надгледувај го наследството си, бидејќи сега очигледно имаш повеќе и поголема сила, отколку кога беше жив. Прогони ја гибелната ерес (αἵρεσιν), којашто по твојата смрт во Христа како заразна болест се вмакна меѓу твоето паство и којашто ги растерува и погубува овците од стадото ти, о, свети и предобри пастиру".[127]

Исто така во прилог на тоа говори и еден податок од една стара икона од охридската црква Св. Климент — Св. Богородица, на која Наум Охридски, кој важел за „велик чудотворец во Деволскиот Ливан, близу до град Охрид"[128] е насликан како светец во една планинска местност, придружуван од богомилите. На оваа икона се наоѓа и натписот: διώκεται ὑπὸ τῶν βογομήλον.[129]

Дека територијата на бившата склавинија „Берзитија" се претворила во едно од најсилните средишта на богомилството, говорат не само запишаните народни преданија за попот Богомил од овој крај,[130] туку и називот на с. Богомила, на планинта Бабуна итн.[131]

---

[124] М. Г. Попруженко, Козма Презвитеръ, стр. 35,$_{9-14}$.

[125] Б. Панов, Богомилското движење во Македонија. Историја, г. I, бр. 1, Скопје, 1965, стр. 51 сл. Д. Ангелов иако се изјаснил дека „богомилите през X век имали като свой главен враг българската светска и църквна феодална класа начело с царя", не видел во нив и борци против бугарските господари во Македонија, како што видел такви подоцна „срещу византийските господари в лицето на цариградския василевс и неговите светски и църковни сътрудници" („Богомилството в България" стр. 360).

[126] За светец Климент секако бил прогласен од црквата по неговата смрт (916 г.), па оттука овој изворен податок од Теофилакта одговара на времето кога се појавило за првпат богомилството т.е. во периодот на владеењето на цар Петар (Сп.: Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 147—148).

[127] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 146—147.

[128] П. Петров—В. Гюзелев, Христоматия, I, стр. 292.

[129] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди, стр. 34, бел. 1. Иако „тоя епизодъ отъ живота на св. Наума е анахроничень и апокрифенъ, но неговото изображение показва — заклучува Иванов — че богомилството е застрашавало по — късно и Охридската областъ". Слично гледиште има и Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 148.

[130] Овие преданија кои ги собрал и објавил Клинчаров (И. Клинчаров, Поп Богомил и неговото време. София, 1947, стр. 36) говорат, дека богомилскиот водач, поп Богомил, потекнувал од с. Богомила, дека неговиот гроб се наоѓал близу селото, каде бил изграден и мал параклис, кој им служел на богомилите како молитвен дом, како и тоа дека богомилите се собирале во пештерата до селото Нежилово. Овие легендарни податоци иако не можат да се потврдат со сигурни извори, сепак, со право заклучил Ангелов, фактот дека таквите преданија настанале во овие краишта е доказ дека „во средновековната епоха богомилското учење таму било навистина силно распространето" (Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 150).

[131] Сп.: Й. Иванов, Богомилски книги и легенди, стр. 36; D. Obolensky, The Bogomils. Cambridge, 1948, p. 164 сл.; Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 149 сл.

Бугарскиот цар Петар неможен сам да се справи со „новопојавената ерес", побарал помош од самиот цариградски патријарх Теофилакт.[132] Меѓутоа, ниту затворите и прангите, ниту пак убиството на голем број богомили[133] помогнале царот Петар и неговите органи да го ликвидираат богомилското движење. Напротив, богомилството како „заразна болест" се ширило и опфатило многу домови.[134] Сето тоа пак овозможило богомилството да се претвори во масовно народно движење, опфаќајќи го и градот и селото.[135] Тоа јасно го истакнал во својата Беседа и презвитерот Козма, наведувајќи дека населението гледало во лицето на богомилските пропагатори како на луѓе кои „стадаат за правда".[136]

Широките размери кои ги зело богомилското движење во Охридскиот крај, како и во другите соседни области, влијаеле во овој дел на Македонија да се создадат поволни услови за организирање на ослободително востание против бугарската власт на чело со синовите на кнезот Никола, комитопулите: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил. Како резултат на ова востание, коешто било кренато и успешно изведено веднаш по смртта на бугарскиот цар Петар (969 г.) било создавањето на новата словенска држава на Балканот, позната како Македонска и Самуилова држава,[137] со престолнина во Преспа, а потоа во Охрид.

**Branko Panov**

## OHRID AND THE OHRID DISTRICT DURING THE BULGARIAN RULE (MIDDLE OF 9TH C. — Y. ö969)


(S u m m a r y)

First of all, the author has shown the Bulgarian rule at the Ohrid District in a chronological order and with arguments. He polemizes with more historians pointing out that Ohrid and its district did not join the Bulgarian state on a peaceful way during the period of Presian, but this Macedonian part had been conquered by King Boris during the period form 855 to 864.

During the Bulgarian rule which has lasted by 969, the Ohrid District had been included in a military and administrative unit with a seat at the town of Devol. In order to intrude his authority Boris and later on Simeon had engaged the official church, too. After their return form the Great Mo-


[132] Д. Ангелов, Б. Примов, Г. Батаклиев, Богомолството в България, Византия и Западна Европа в извори. София, 1967, стр. 41—44.

[133] М. Г. Попруженко, Козма Презвитеръ, стр. 22,$_{15}$,

[134] Ibid., 33,$_{4-5}$.

[135] Б. Панов, Богомилското движење во Македонија, стр. 54.

[136] М. Г. Попруженко, Козма Презвитерь, стр. 22,$_{15}$

[137] Опстојно за создавањето и центрите на Самуиловата држава, види: С. Антољак, Самуиловата држава, стр. 12 сл.

ravia, Clement and Naum have been sent to the Ohrid and Devol districts for special missions on Bulgarian court's service. The activity of Clement and Naum at the Ohrid District has been taken into a wide consideration in this paper.

On the base of the sources being at disposal of the author, he tried to throw a certain light over the growth of the feudal landowner (secular and religious) at the Ohrid District, then over the stronger class and liberation struggle at the first half of the 10 the century, as well as to the sprouting and spreading of the Bogomilism, which made a convenient conditions for raising a successful uprising of the commitopolies against Bulgaria in 969, when the former sclavinia „Berzitia“ was the foundation stone of establishment of a Macedonian state, known in the science as the Samuil's state.